Насоки за пополнување на пријава за ангажирање на (15) петнаесет млади новинари-почетници за новинарско практикантство во локални медиуми во рамки на проектот „Заедно за поквалитетно локално новинарство“.

Почитувани,

Центарот за развој на медиумите на заедниците МЕДИУМ, Ве поканува да пополнете пријава за аплицирање на повикот за вклучување во финансиски поддржаната практикантска програма од областа на новинарството за потребите на проектот „Заедно за поквалитетно локално новинарство“.

Пријавата пополнета од сите заинтересирани лица треба да ги содржи следниве информации:

- име и презиме;
- возраст;
- место на живеење;
- моментално/завршено образование;
- претходно практично новинарско искуство;
- мотив за пријава и за учество во програмата за новнинарска пракса;
- новинарски содржини кои би сакале да ги креирате;
- одреден локален медиум каде би преферирале да бидете вклучени за практикантската работа во рок од 3 месеци;
- вештини и лични квалификации кои би ви помогнале во новинарската работа;
- очекување од практикантската работа;
- е-маил адреса за контакт;
- телефонски број за контакт.

**Пријавата може да ја најдете достапна на македонски и на албански јазик на следниот линк:**

Линк за пријава **<- тука**

**ВАЖНО:**

**! Ве замолуваме за уредно пополнување на пријавата со детално (опширно) одговарање на сите прашања кои се содржани во истата. Нецелосни и**

**неуредни испратени апликации нема да бидат земени предвид и ќе подлежат на директна дисквалификација.**

! **Проектниот фокус опфаќа географска покриеност на западниот регион на Република Северна Македонија, вклучувајќи ги локалните медиуми од општините Гостивар, Тетово, Куманово, Шуто Оризари, Дебар, Кичево, Струга и Охрид – па согласно ова одберете медиум кој преферирате од горенаведените проектни општини.**

Апликацијата треба да се достави не подоцна од **23.02.2024 година (петок), до 16:00 часот.**

Сите понудувачи кои доставиле понуди кои ги исполнуваат условите ќе бидат разгледани од страна на евалуционата комисија и соодветно известени.

Со почит,
Центар за развој на медиумите на заедниците
МЕДИУМ